**Одлука бр.8**

Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија на својата редовна седница одржана на 29.12.2025 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## За определување на висината на надоместокот на судии за турнири од Календарот на ТФСМ и меѓународни турнири во 2026 година

**Член 1**

**I. Судии за меѓународни турнири**

| ТУРНИР | Referee | International Chair Umpire | White badge Chair Umpire | National Assistant | Chief of umpires | Additional Chair Umpire | Line Umpire |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | US $ | US $ | US $ | US $ | US $ | Den./day | Den./day |
| DAVIS CUP, BJKC | ITF fee | ITF fee | ITF fee | 300 | ITF fee | 3.000,00 | 1.800,00 |
| ATP CHALLENGER | 800 usd | By ATP | 750 usd | 300 | 600 | 3.000,00 | 1.800,00 |
| ITF Pro Circuit | ITF Fee | ITF Fee | ITF Fee | 300 | / | 3.000,00 | 1.800,00 |
| ITF | 700 | / | / | 300 | / | 1.800,00 | / |
| TE JUNIORS | 650 | / | / | 300 | / | 1.500,00 | / |
| ITF / TE SENIORS | 400 | / | / | 300 | / | 1.500,00 | / |

**Член 2**

Судиите во зависност од пропозициите за турнирот ги делегира ИТФ, ТЕ и ТФСМ.
Сместувањето, исхраната и исплатата на судиите, ТФСМ или клубот организатор го врши согласно правилата и пропозициите на ИТФ и ТЕ за секој турнир одделно, за тековната 2026 година.

**II. Судии за домашни турнири**

**Член 3**

| ТУРНИР | Главен Судија | Судија на стол |
|---|---|---|
| | Денари/период | Денари |
| КАЛЕНДАР ТФСМ | 5.500,00 | 1.800,00 |
| КАЛЕНДАР ТФСМ ДРЖАВНИ ПРВЕНСТВА<br>ТУРНИРИ СО НАГРАДЕН ФОНД | 6.500,00<br>7.500,00 | 1.800,00 |
| КАЛЕНДАР ТФСМ ДЕТСКИ ТЕНИС<br>(Црвен и Портокалов и Зелен) | 4.000,00 | |

**Член 4**

Доколку од одредени и оправдани причини турнирите треба да бидат продолжени, максимално за еден ден, со дозвола од Судиско Натпреварувачкиот комитет, на Главниот судија/Делегат ќе му биде исплатена една дополнителна дневница на износ од 1.000,00 денари.

**Член 5**

Судиите и помошниците судии за турнирите од Календарот на ТФСМ ги делегира ТФСМ.
Судиите за миди / мини турнирите ги делегира ТФСМ за помошниците клубот организатор.
Главниот судија е должен по завршувањето на турнирот да изготви извештај за одржаниот турнир од кој еден примерок ќе остави на клубот организатор, а еден примерок ќе достави до ТФСМ најдоцна во рок од 3 дена по завршувањето на турнирот.

**Член 6**

Исплатата на судиите за домашни турнири и меѓународни турнири организирани од ТФСМ го врши ТФСМ.
При исплата на судиите ќе се земе во предвид минималната препорачана заработка пропишана од страна на ИТФ.
Исплатата на судиите за меѓународните турнири организирани од клубовите го вршат клубовите организатори.
Сите горенаведени суми се нето исплати на кои се пресметува персонален данок.
За делегираните судии клубот организатор е должен да обезбеди храна за времетраењето на турнирот, трошоци за превоз (автобуска карта или во висина на автобуска карта) до и од местото на организирање на турнирот како и сместување за делегираните судии кои не се од местото на одржување на турнирот.

**Член 7**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување и се однесува на натпреварувачката 2026 година.

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 29.12.2025 година